# З А К О Н

# ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**(неофицијален - пречистен текст)[1]**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата и работата на Народната банка на Република Македонија, задачите и овластувањата на Народната банка на Република Македонија од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија и задачите и овластувањата на Народната банка на Република Македонија по воведувањето на еврото како парична единица во Република Македонија.

**Правно опкружување**

Член 2

(1) Овој закон има предимство пред другите закони.

(2) При примената на овој закон, секој поим кој не е дефиниран со овој закон, го има значењето што е дефинирано со друг закон.

(3) Доколку со овој закон некое прашање во врска со организацијата и работата на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) не е уредено, во тој случај се применуваат одредбите на друг закон во кој е уредено тоа прашање.

(4) Одредбите од овој закон не можат да се изменат, дополнат или престанат во целост или делумно со одредби од друг закон.

**Правен статус**

Член 3

(1) Народната банка е централна банка на Република Македонија.

(2) Народната банка е правно лице со административна, финансиска и управувачка самостојност.

(3) Народната банка има овластувања за постигнување на целите и за извршување на задачите утврдени со овој закон.

**Правна способност**

---

[1] Овој неофицијален - пречистен текст на Законот за Народната банка на Република Македонија е составен од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.158/10), Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.123/12), Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија‟ бр.43/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија‟ бр.153/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија‟ бр.6/16).

Член 4

Народната банка како правно лице има правна способност да настапува во правниот промет, особено кога:

1) склучува договори;

2) покренува правни постапки и е предмет на истите и

3) стекнува, управува, чува и располага со својот подвижен и недвижен имот.

**Независност**

Член 5

(1) Народната банка е независна при постигнувањето на целите и задачите и е одговорна под услови и на начин утврден со овој закон.

(2) Народната банка, членовите на Советот на Народната банка и вработените во Народната банка не смеат да примаат и да бараат инструкции од органите на државната власт, органите на општините, органите на градот Скопје и од кои било други правни и/или физички лица.

(3) Одлуките на Советот на Народната банка не смеат да бидат одобрувани, престанати, поништени или изменети од органите и лицата од ставот (2) на овој член.

(4) Независноста на Народната банка се почитува во секое време и ниту еден од органите и/или лицата од ставот (2) на овој член не смее да влијае на членовите на Советот на Народната банка и вработените во Народната банка при извршувањето на нивните функции, односно работи, ниту на активностите на Народната банката.

**Цели**

Член 6

(1) Основна цел на Народната банка е постигнување и одржување на ценовната стабилност.

(2) Друга цел на Народната банка, која е подредена на основната цел, е да придонесува кон одржување на стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем.

(3) Народната банка ја поддржува општата економска политика без да го загрози остварувањето на целта утврдена во ставот (1) од овој член и во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција.

**Задачи**

Член 7

За остварување на целите од членот 6 на овој закон Народната банка ги врши следниве задачи:

1) ја утврдува и спроведува монетарната политика;

2) учествува во определување на режимот на девизниот курс;

3) ја утврдува и спроведува политиката на девизниот курс;

4) ги чува и управува со девизните резерви;

5) ги издава и управува со книжните и кованите пари на Република Македонија;

6) ги евидентира и следи кредитните операции со странство и го изготвува платниот биланс на Република Македонија;

7) прибира и изготвува статистички податоци заради извршувањето на задачите согласно со закон;

8) воспоставува, развива, регистрира и врши надзор над сигурноста, стабилноста и ефикасноста на системите за плаќање, порамнување и клиринг;

9) регулира, издава дозволи и врши супервизија на банки, штедилници, друштва за издавање на електронски пари и други финансиски институции на начин утврден со овој или друг закон;

10) врши надзор над примената на прописите со кои се уредува девизното работење, менувачкото работење, вршењето услуги на брз трансфер на пари, системите за спречување на перење на пари и заштита на потрошувачите, во согласност со овој или друг закон;

11) врши работи на фискален агент на Владата на Република Македонија;

12) учествува во меѓународни институции и организации во врска со прашања коишто се во нејзина надлежност;

13) организира тргување и порамнување на хартии од вредност на пазарите преку шалтер и

14) врши други активности во врска со извршувањето на нејзините задачи во согласност со овој и друг закон.

**Јавен интерес**

Член 8

Стабилноста на банкарскиот систем и мерките што се преземаат заради постигнување и одржување на неговата стабилност се од јавен интерес.

**Начела за добро управување**

Член 9

(1) Народната банка ги применува овластувањата што ги има во согласност со начелата за добро управување. Народната банка не ги применува овластувањата за остварување на цели за кои не и е дадено овластување или повеќе од тоа што е потребно за да ја постигне целта за која и е дадено овластувањето.

(2) Одлуките на Народната банка се непристрасни и се базираат на објективни претпоставки и разумна основа и се извршуваат на праведен, недискриминаторски и одмерен начин.

**Седиште и печат**

Член 10

(1) Седиштето на Народната банка е во Скопје.

(2) Народната банка има печат во кој е содржан називот на Народната банка испишан на македонски јазик со кирилско писмо и грбот на Република Македонија.

**Управна постапка**

Член 11

(1) Во текот на постапката за донесување на поединечните управни акти за кои според овој и друг закон одлучува гувернерот, се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, ако поинаку не е уредено со овој или со друг закон.

(2) Против одлуките на гувернерот донесени во управна постапка не е дозволена жалба, а може да се поведе управен спор, освен ако поинаку не е регулирано со овој или со друг закон.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се однесуваат на актите донесени од гувернерот на Народната банка во постапките за јавни набавки.

II. КАПИТАЛ, РЕЗЕРВИ И ДОБИВКА

**Капитал**

Член 12

(1) Капиталот на Народната банка на денот на влегувањето во сила на овој закон

изнесува 1.289.789.232 денари.

(2) Капиталот на Народната банка е во сопственост на Република Македонија и истиот не може да се пренесува или да е предмет на какво било оптоварување.

(3) Капиталот на Народната банка може да се зголеми со одлука на Собранието на Република Македонија, на предлог на Народната банка.

(4) Капиталот на Народната банка не смее да се намалува.

**Резерви**

Член 13

(1) Народната банка отвора и води сметка за општа резерва и сметка за ревалоризационите резерви.

(2) Општата резерва се користи само за покривање на загубите на Народната банка.

(3) Ревалоризационите резерви се формираат од нереализирани приходи од позиции во странски валути, злато, финансиски инструменти и други средства.

(4) Народната банка може, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија, да отвори сметка за специјални резерви за покривање на трошоци за однапред предвидени намени.

**Добивка, загуба и финансиски резултат за распределба**

Член 14

(1) Нето добивката или загубата на Народната банка се утврдува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

(2) Финансискиот резултат за распределба се распределува во согласност со членот 15 од овој закон, а се утврдува на следниот начин:

1) од нето добивката се одзема вкупниот износ на нереализирани ревалоризациони приходи и истиот износ во целост се пренесува на сметките на ревалоризациони резерви и

2) од сметките на ревалоризациони резерви се одзема износот на нереализираните приходи кои биле одбиени од нето добивката од претходните години, а кои се реализирани во тековната финансиска година и истиот се додава на финансискиот резултат за распределба утврден во точката 1 од овој став.

(3) Нереализираните ревалоризациони расходи се покриваат од соодветните сметки за ревалоризациони резерви се додека салдото на овие сметки не се сведе на нула, а потоа истите се покриваат по следниов редослед:

1) од добивката остварена во тековната година;

2) од сметката за општа резерва и

3) од капиталот.

**Распределување на финансискиот резултат за распределба**

Член 15

(1) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка го распределува финансискиот резултат за распределба на следниов начин:

1) 70% во општите резерви до постигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) на овој закон, односно 15% по достигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) на овој закон, а

2) по исклучок од точката 1) на овој став, во случај на отворена сметка за специјални резерви од членот 13 став (4) од овој закон, финансискиот резултат за распределба се распределува, така што,

најмногу 70% се пренесува на сметката за специјални резерви до достигнување на износот утврден од Советот на Народната банка за покривање на трошоците за однапред предвидените намени, а 70% од остатокот се распределува во општите резерви до достигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) од овој закон, односно 15% по достигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) од овој закон, а

3) остатокот во Буџетот на Република Македонија.

(2) Распределба на приходите на Народната банка може да се врши само на начин утврден во ставот (1) од овој член.

(3) Доколку на крајот на финансиската година Народната банка прикаже негативен резултат за распределба, истиот се покрива прво од сметката за општи резерви, а потоа од капиталот.

## Покривање на кусок во капиталот

Член 16

(1) Кога според ревидираните годишни финансиски извештаи на Народната банка, вредноста на нејзината актива е пониска од збирот на нејзините обврски и капиталот, Народната банка, по препорака на друштвото за ревизија, ја оценува состојбата и изготвува извештај за причините и големината на кусокот на капиталот, во период не подолг од 30 календарски дена од добивањето на препораката.

(2) Откако Советот на Народната банка ќе го одобри извештајот од ставот (1) на овој член, Народната банка доставува барање до Владата на Република Македонија да го покрие утврдениот кусок на капитал.

(3) Владата на Република Македонија во период не подолг од 60 календарски дена од приемот на барањето, го пренесува на Народната банка потребниот износ на средства и тоа во пари или во преносливи должнички хартии од вредност со одреден рок на достасување кои се издадени по пазарни каматни стапки кои преовладуваат во Република Македонија.

## Отворање сметки

Член 17

(1) Заради спроведување на активностите, Народната банка може да отвори и води сметки, вклучувајќи и сметки за хартии од вредност на:

1) банки, штедилници, брокерски куќи, органи на државната власт и јавни претпријатија основани од државата и

2) странски банки, странски централни банки, меѓународни финансиски институции, а каде што е соодветно за влади на други земји и меѓународни организации.

(2) Народната банка не смее да отвора сметки на физички и правни лица, освен за оние од ставот (1) на овој член.

(3) Народната банка може да отвора сметки кај депозитари и кај странски централни банки, странски банки и меѓународни финансиски институции.

(4) Советот на Народната банка ги пропишува општите услови за отворање на сметките од ставот (1) на овој член.

## Услуги чувари на имот

Член 18

(1) Народната банка може да обезбедува услуги чувари на имот на финансиските институции вклучувајќи и пензиски фондови во согласност со закон и за тоа наплатува надоместок соодветен на трошоците утврдени со закон.

(2) Советот на Народната банка ги пропишува условите под кои ги обезбедува услугите чувари на имот.

III. МОНЕТАРНИ И ДРУГИ ОПЕРАЦИИ

## Операции на отворен пазар и кредитни работи

Член 19

(1) За постигнување на целите и извршување на задачите со овој закон, Народната банка може да ги спроведе следниве операции:

1) да работи на финансиските пазари со издавање на хартии од вредност за монетарни цели, купување и продавање на дефинитивна основа (промтно и термински) или со репо договори и со давање или земање во заем побарувања и пазарни инструменти, како и благородни метали и

2) да врши кредитни работи со банки кои работат во Република Македонија, преку давање на кредит врз основа на соодветно обезбедување.

(2) Советот на Народната банка ги пропишува општите услови и правила за спроведување на операциите и кредитните работи од ставот (1) на овој член.

## Задолжителна резерва

Член 20

(1) Заради остварување на целите на монетарната политика, Народната банка може да утврди обврска на банките, филијалите на странски банки и штедилници да држат задолжителна резерва на сметки кај Народната банка. Задолжителната резерва е иста по категории на обврски на ниво на банки, штедилници и филијали на странски банки, поединечно. Народната банка може да плаќа надомест на задолжителна резерва.

(2) Советот на Народната банка ги пропишува условите, основата и процентот за пресметување на задолжителната резерва, како и начинот и роковите за издвојување и одржување на задолжителната резерва.

(3) Во случај на неисполнување на обврските утврдени во ставот (1) од овој член, Народната банка може да наплатува казнена камата и да презема други мерки предвидени со закон.

## Други инструменти на монетарната политика

Член 21

Советот на Народната банка може со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови да одлучи за употреба на други инструменти на монетарната политика за кои смета дека се соодветни за остварување на целите од членот 6 на овој закон.

## Кредитор во крајна инстанца

Член 22

(1) Народната банка може, во исклучителни околности и под услови утврдени од Советот на Народната банка, да дејствува како кредитор во крајна инстанца за банките во Република Македонија. Народната банка одобрува кредит во крајна инстанца на банка или во корист на банка за период до 90 календарски денови кој, врз основа на програма на мерки подготвени од банката, може да се продолжи за уште најмногу 90 календарски дена.

(2) Народната банка може да одобри кредит во крајна инстанца само ако:

1) банката според мислење на Народната банка е солвентна;

2) кредитот се одобрува за подобрување на ликвидноста и

3) банката обезбеди соодветно обезбедување.

(3) Советот на Народната банка ги определува видовите и вредноста на обезбедувањето од ставот (2) точка 3 на овој член.

(4) Доколку Народната банка утврди дека банката не може да ја спроведе програмата од ставот (1) на овој член, презема мерки согласно со Законот за банките.

## IV. РЕЖИМ НА ДЕВИЗЕН КУРС И ДЕВИЗНИ РЕЗЕРВИ

### **Режим на девизен курс**

Член 23

Режимот на девизен курс се договара заеднички меѓу Владата на Република Македонија и Народната банката, без да се загрози основната цел за постигнување и одржување на ценовната стабилност.

### **Состав на портфолио на девизни резерви**

Член 24

(1) Народната банка врши трансакции со странски средства и управува со девизните резерви во согласност со најдобрите меѓународни практики и основната цел -постигнување и одржување на ценовната стабилност, почитувајќи ги принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност.

(2) Народната банка може во своето портфолио на странски средства да ги држи сите или некои од следниве видови на средства:

1) злато и други благородни метали кои ги држи Народната банка или кои се држат за сметка на Народната банка, вклучително салда на сметки кои ги претставуваат златото и другите благородни метали;

2) книжни и ковани пари деноминирани во слободно конвертибилни странски валути кои ги држи, или се држат за сметка на Народната банка;

3) побарувања и меѓубанкарски депозити платливи на барање или во краток рок деноминирани во слободно конвертибилна странска валута и кои се држат на сметките на Народната банка, кај странски централни банки, странски финансиски институции или меѓународни финансиски институции;

4) должнички хартии од вредност со кои може да се тргува на пазарот, деноминирани во слободно конвертибилни странски валути издадени од влади на други земји или зад кои стојат влади на други земји, странски централни банки, странски финансиски институции или меѓународни финансиски институции;

5) побарувања од меѓународни финансиски институции кои произлегуваат од реоткуп, продажба и повторно купување и договори за давање на заем на хартии од вредност за должничките хартии од вредност од точката 4 на овој став;

6) капитални учества во меѓународни финансиски институции;

7) специјални права на влечење кои се држат на сметка на Република Македонија во Меѓународниот монетарен фонд и

8) резервната позиција на Република Македонија во Меѓународниот монетарен фонд.

## V. КНИЖНИ И КОВАНИ ПАРИ

### **Издавање на книжни и ковани пари**

Член 25

(1) Народната банка има ексклузивно право да издава книжни и ковани пари.

(2) Само книжните и кованите пари издадени од Народната банка, кои не се повлечени од оптек, се законско средство за плаќање во Република Македонија.

(3) Народната банка ја определува номиналната вредност, големината, тежината, дизајнот, безбедносните и другите карактеристики на книжните и кованите пари издадени во Република Македонија.

(4) Народната банка е одговорна за снабдување со книжни ковани пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија.

(5) Вкупниот износ на книжни и ковани пари во оптек издадени од Народната банка во нејзините финансиски извештаи се евидентираат како обврска. Таквата обврска не ги вклучува книжните и кованите пари од залихата на резерви на книжни и ковани пари кои се чуваат од страна или за сметка на Народната банка.

(6) Народната банка го утврдува најнискиот апоен во прометот со кој се заокружува крајната пресметка во готовинскиот и безготовинскиот платен промет и во деловните книги.

**Оштетени книжни и ковани пари**

Член 26

(1) Народната банка ги повлекува, заменува и уништува оштетените книжни и ковани пари.

(2) Народната банка може да одбие да замени книжни и ковани пари доколку нивниот дизајн е оштетен, разобличен или перфориран, или доколку повеќе од 40% од нивната површина недостасува. Овие книжни и ковани пари се повлекуваат или уништуваат без надоместок за сопственикот, освен ако постои доказ дека деловите кои недостасуваат се целосно уништени, во кој случај Народната банка одобрува целосен или делумен надоместок.

(3) Народната банка не дава надоместок за книжни или ковани пари кои се изгубени, украдени или целосно уништени.

(4) Народната банка може да конфискува без надоместок книжни или ковани пари кои се сменети во нивниот надворешен изглед, особено книжни или ковани пари на кои е пишувано, кои се боени, на кои има печати или перфорации или кои се премачкани со леплива материја.

**Повлекување и замена на книжни и ковани пари**

Член 27

(1) Народната банка може да повлече книжни и ковани пари со бесплатно издавање на други книжни и ковани пари во еквивалентен износ.

(2) Советот на Народната банка донесува одлука за повлекување на книжни и ковани пари во која се наведува периодот во текот на кој ќе се врши замената, како и местото и времето во кое книжните и кованите пари ќе бидат заменети.

(3) Советот на Народната банка го определува датумот на кој повлечените книжни и ковани пари престануваат да бидат законско средство за плаќање.

**Залиха на книжни и ковани пари и план за издавање**

Член 28

Народната банка управува со залихата на резерви на книжни и ковани пари, прави планови за издавање и обезбедува редовно снабдување со книжни и ковани пари со цел да ги обезбеди потребите на Република Македонија за книжни и ковани пари.

**Фалсификувани книжни и ковани пари**

Член 29

(1) Книжни и ковани пари примени од финансиските институции, деноминирани во законско средство за плаќање во Република Македонија или во странство за кои постои сомневање дека се фалсификувани мора да бидат повлечени согласно со постапка пропишана од Советот на Народната банка.

(2) Само Народната банка е овластена да дава стручно мислење за автентичноста на книжните и кованите пари деноминирани во денари или во странска валута.

(3) Народната банка ги одзема книжните пари кои и се презентирани, а за кои постои сомневање дека се фалсификувани. За одземените книжни пари Народната банка доставува писмено известување до Министерството за внатрешни работи кое содржи идентификација на книжните пари, нивниот доносител и причината за сомневање од страна на Народната банка.

**Репродукција на книжни или ковани пари**

Член 30

(1) За секоја репродукција на книжни и ковани пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија и креирање на предмети кои по својот дизајн имитираат такви книжни и ковани пари потребна е претходна писмена дозвола од Народната банка.

(2) Советот на Народната банка ги пропишува начинот и постапката со кои се дозволува публикување на фотографии на паричната единица.

VI. ПЛАТНИ СИСТЕМИ, СУПЕРВИЗИЈА, СТАТИСТИКА И ДРУГИ
ЗАДАЧИ ОД ОБЛАСТА
НА ФИНАНСИСКИОТ СИСТЕМ

**1. Системи за плаќање, порамнување и клиринг**

Член 31

(1) Народната банка создава услови за стабилно, сигурно и ефикасно работење на системите за плаќање, порамнување и клиринг.

(2) Народната банка е овластена да организира, учествува и да работи со системите за плаќање, порамнување и клиринг.

**Регулирање, регистрирање и надзор**

Член 32

Само Народната банка е одговорна за регулирање, регистрирање и надзор, вклучувајќи преземање мерки и санкции, на системите за плаќање, порамнување и клиринг, во согласност со Законот за платен промет.

**Активности поврзани со платните системи**

Член 33

Народната банка презема активности за:

1) интегрирање на системот за плаќање, системот за порамнување и други системи согласно Законот за платен промет;

2) развој на нови методи и технологии за плаќање и порамнување и

3) дизајнирање и периодично модифицирање на планот за развој на платниот систем на Република Македонија.

## 2. Супервизија

### Супервизорски задачи

Член 34

(1) Народната банка е одговорна за супервизија на банки, штедилници, друштва за издавање на електронски пари и други финансиски институции, вклучувајќи преземање мерки и изрекување прекршочни санкции, согласно со овој и друг закон.

(2) При извршувањето на задачите од ставот (1) на овој член, Народната банка може да соработува со регулаторни и супервизорски органи и тела во Република Македонија и странство.

(3) Народната банка може да разменува доверливи информации со други домашни или странски супервизорски органи и тела, кои можат да се користат само за супервизорски цели и истите ќе се сметаат како доверливи за странката која ги прима.

(4) Народната банка може да дозволи вршење теренска супервизија на подружница на странска банка и филијала на странска банка во Република Македонија од страна на супервизорските органи на матичната земја на странската банка. Примерок од извештајот за извршената супервизија се доставува до Народната банка во рок од два месеца по завршувањето на супервизорската контрола.

(5) Извештајот за извршената супервизија од ставот (4) на овој член е класифицирана информација со соодветен степен на доверливост согласно со прописите за заштита на класифицирани информации.

## 3. Статистика

### Статистички податоци и информации

Член 35

За извршување на целите и задачите Народната банка:

1) прибира, обработува, анализира, издвојува и објавува статистички податоци и информации релевантни за извршувањето на нејзините задачи;

2) ги определува физичките и правните лица кои се должни да доставуваат статистички податоци и информации;

3) ги утврдува статистичките податоци и информации кои се доставуваат до Народната банка, како и примената на правилата за доверливост;

4) соработува со органи на државната власт, јавни претпријатија, јавни установи и трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик при прибирањето, обработката и објавувањето на статистичките и други релевантни информации и

5) соработува со меѓународни финансиски и други институции во врска со усвојувањето на меѓународните стандарди за дистрибуирање на податоци со цел за постигнување конзистентност и ефикасност во прибирањето, обработката и објавувањето на статистичките податоци и информации.

### Доставување на статистички податоци и информации

Член 36

(1) Субјектите од членот 35 точка 2 на овој закон се должни да ги доставуваат до Народната банка статистичките податоци и информации.

(2) Начинот на доставување, формата и роковите за доставување на статистичките податоци и информации од ставот (1) на овој член ги пропишува Советот на Народната банка.

### Достапност на статистички податоци и информации

Член 37

Народната банка обезбедува достапност преку објавување на нејзината интернет страница или на друг начин на:

1) статистичките податоци и информации во согласност со правилата за доверливост и

2) методологиите и концептите што се применети при прибирањето и обработката на статистичките податоци и информации кои ќе овозможат верификација на статистичките податоци изготвени од Народната банка.

## 4. Други задачи од областа на финансискиот систем

### Финансиска стабилност

Член 38

(1) При остварување на нејзината цел да придонесува во одржувањето на стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем, Народната банка на редовна основа прибира релевантни податоци од финансиски супервизорски органи, финансиски институции, органи на државната управа, јавни претпријатија, јавни установи и трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик.

(2) Врз основа на прибраните податоци од ставот (1) на овој член, Народната банка изготвува периодични извештаи во врска со стабилноста на финансискиот систем.

### Кредитен регистар

Член 39

(1) Народната банка воспоставува и води Кредитен регистар во електронска форма во кој се внесуваат податоци за кредитната изложеност на правните и физичките лица кон банките и штедилниците основани во Република Македонија.

(2) Банките и штедилниците се должни до Народната банка да ги доставуваат податоците и информациите потребни за целите на Кредитниот регистар.

(3) Видот, начинот и роковите за доставување на податоците и информациите од ставот (2) на овој член ги пропишува Советот на Народната банка.

(4) Податоците и информациите од Кредитниот регистар можат да ги користат банките и штедилниците на начин и под услови пропишани од Советот на Народната банка и истите претставуваат класифицирани информации.

(5) Информациите собрани за потребите на Кредитниот регистар се користат единствено со цел за подобрување на квалитетот на кредитите.

## VII. ОДНОСИ СО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИ СУБЈЕКТИ

### Односи со Собранието на Република Македонија

Член 40

(1) Советот на Народната банка и секој негов член е одговорен пред Собранието на Република Македонија за постигнување и одржување на ценовната стабилност и за остварување на задачите на Народната банка пропишани со овој закон.

(2) По барање на Собранието на Република Македонија или по сопствена иницијатива, гувернерот на Народната банка периодично може да се обрати пред Собранието на Република Македонија или неговите комисии, во врска со прашања од монетарната политика и финансискиот систем и состојбата на економијата.

(3) Народната банка до Собранието на Република Македонија може да доставува мислења по предлог-законите кои се поврзани со целите и задачите на Народната банка.

**Банкар, финансиски советник, фискален агент**

Член 41

(1) Народната банка врши банкарски работи за потребите на Владата на Република Македонија.

(2) На барање на Владата на Република Македонија, Народната банка може да врши работи на финансиски советник на Владата на Република Македонија.

(3) Народната банка може во име на Владата на Република Македонија да прима странски заеми, да ги управува и администрира, како и да ги порамнува побарувањата и финансиските обврски на Република Македонија кон странство.

(4) Народната банка може под услови договорени со Владата на Република Македонија да врши работи на фискален агент за Владата на Република Македонија.

(5) Народната банка може да прима депозити од Владата на Република Македонија и други органи на државната управа. Како депозитар Народната банка прима и исплаќа пари од сметките и дава други финансиски услуги поврзани со оваа активност.

(6) Народната банка на депозитите од ставот (5) на овој член може да плаќа камата по стапки кои не можат да бидат повисоки од пазарните каматни стапки.

(7) Народната банка врши плаќања до висината на расположливите средства по налози за плаќање поврзани со тие сметки.

**Издавање на пригодни ковани пари**

Член 42

Народната банка издава пригодни ковани пари врз основа на одлука на Владата на Република Македонија во согласност со Законот за пригодни ковани пари.

**Издавање на ковани пари за колекционерски цели**

Член 42 -а

(1)Народната банка може да издава ковани пари за колекционерски цели.

(2)Советот на Народната банка ги пропишува начинот и постапката за издавање и формата и содржината на кованите пари од ставот (1) на овој член, како и располагањето со нив.

**Соработка со Владата на Република Македонија**

Член 43

(1) Народната банка соработува со Владата на Република Македонија при остварувањето на нејзините цели утврдени со овој закон.

(2) Гувернерот и министерот за финансии одржуваат редовни состаноци за монетарната и фискалната политика и се информираат за други прашања од заеднички интерес.

(3) Народната банка може да даде мислење до Владата на Република Македонија за прашања кои се однесуваат на основната цел и задачите на Народната банка.

(4) Народната банка и Владата на Република Македонија можат да разменуваат информации поврзани со извршување на задачите на Народната банка, со исклучок на специфични информации кои се однесуваат на субјектите кои се предмет на супервизија.

(5) На барање на Владата на Република Македонија, а заради нејзино информирање, Народната банка обезбедува податоци за приемот на средства од страна на Народната банка од кои било извори.

(6) Владата на Република Македонија се консултира со Народната банка при подготовка на прописите кои се однесуваат на прашања поврзани со целите, задачите и надлежностите на Народната банка утврдени со овој или друг закон.

**Забрана за кредитирање**

Член 44

(1) Народната банка не одобрува, директно или индиректно, кредити на Владата на Република Македонија или кој било друг орган на државната власт, јавно претпријатие, јавни установи, трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик, органите на општините, општините на градот Скопје и градот Скопје, освен кредити на Владата на Република Македонија за непречено функционирање на платниот систем кои достасуваат во текот на истиот ден. Кредитите се обезбедени со преносливи државни хартии од вредност и целосно се отплаќаат пред крајот на истиот ден.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат на банки во државна сопственост и други субјекти во државна сопственост кои се предмет на супервизија и кои имаат ист третман, како и приватните банки и другите приватни субјекти кои се предмет на супервизија.

(3) Народната банка може да купува државни хартии од вредност само на секундарниот пазар.

**Забрана на привилегиран пристап**

Член 45

(1) Секоја мерка која не е заснована на банкарски принципи за внимателност и сигурност и која на Владата на Република Македонија, на друг орган на државната власт, јавни претпријатија, јавни установи, трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик, органите на општините, општините на градот Скопје и градот Скопје им овозможува привилегиран пристап до финансиски институции, е забранета.

(2) Владата на Република Македонија ги пропишува случаите на примена на забраната од ставот (1) на овој член.

VIII. УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

**1. Управување**

**Орган на управување**

Член 46

(1) Со Народната банка управува Советот на Народната банка.

(2) Советот на Народната банка се состои од девет члена од кои еден е гувернерот и три вицегувернери со статус на извршни членови и пет неизвршни членови.

(3) Советот на Народната банка е задолжен за дефинирање и формулирање на политиките и контрола на спроведувањето на политиките и надзор на работењето на Народната банка.

(4) Гувернерот на Народната банка претседава со Советот на Народната банка, има главна извршна функција во Народната банка и е задолжен за нејзиното секојдневно работење.

(5) Вицегувернерите му помагаат на гувернерот во извршувањето на секојдневните работи.

(6) Неизвршните членови учествуваат во одлучувањето на Советот на Народната банка.

**Овластувања и задачи на Советот на Народната банка**

Член 47

(1) Советот на Народната банка ги има следниве овластувања и задачи:

1) ги дефинира и ги усвојува монетарната политика и политиката на девизен курс на Народната банка;

2) го дефинира режимот на девизен курс во согласно со членот 23 од овој закон;

3) ги формулира и донесува политиките на Народната банка во врска со извршувањето на нејзините задачи и усвојува интерни правила за нивна примена;

4) го донесува Контниот план за банките во согласност со закон;

5) ја надгледува примената на политиките и извршувањето на задачите на Народната банка;

6) ги донесува подзаконските прописи од надлежност на Народната банка;

7) го донесува Статутот на Народната банка;

8) го донесува Етичкиот кодекс за членовите на Советот на Народната банка и за вработените;

9) ги утврдува општите политики и интерни правила поврзани со работењето на Народната банка;

10) ги пропишува интерните правила за примена на одредбите во врска со постоење судир на интереси;

11) ја утврдува организацијата на Народната банка, вклучувајќи отворање и локација на филијали, претставништва и други организациони делови;

12) го назначува главниот внатрешен ревизор на предлог на гувернерот на Народната банка;

13) ги утврдува условите за вработување, вклучувајќи ги платите и надоместоците на плата, на предлог на гувернерот, согласно со закон и колективен договор;

14) го донесува годишниот финансиски план на Народната банка;

15) ги утврдува сметководствените политики на Народната банка и ги одобрува извештаите од членот 62 на овој закон и финансиските извештаи на Народната банка;

16) го избира друштвото за ревизија на Народната банка;

17) одлучува за задолжување на Народната банка и ги определува условите на задолжувањето;

18) ги утврдува видовите на средства од членот 24 став (2) на овој закон кои ги сочинуваат девизните резерви на Република Македонија;

19) ги утврдува видовите на средства во кои Народната банка може да ги инвестира финансиските средства;

20) ги утврдува деноминациите и дизајнот на книжните и кованите пари, како и нивното издавање;

21) формира едно или повеќе работни тела и ги дефинира нивните задачи и активности;

22) ги оценува ризиците и донесува планови за непредвидени случаи за тековното работење и безбедноста на Народната банка;

23) одлучува за издавање на ковани пари за колекционерски цели;

24) го донесува деловникот за работа на Советот на Народната банка и

25) врши други задачи утврдени со овој закон.

(2) При извршувањето на овластувањата и задачите членовите на Советот на Народната банка постапуваат исклучиво во интерес на целите и задачите на Народната банка.

## Овластувања и задачи на гувернерот

Член 48

(1) Гувернерот ги има следниве овластувања и задачи:

1) ја претставува Народната банка;

2) ги спроведува монетарната и политиката на девизен курс, како и другите политики во согласност со интерните правила и одлуки на Советот на Народната банка;

3) одговорен е за извршување на одлуките на Советот на Народната банката и за контролата на управувањето и работењето на Народната банка;

4) ги регистрира системите за плаќање, порамнување или клиринг во согласност со Законот за платен промет;

5) одлучува за издавање на дозволи и согласности за финансиски институции и ги одзема издадените дозволи и согласности, во согласност со закон;
6) презема мерки кон банки и други финансиски институции кои се предмет на супервизија на Народната банка или кон системите за плаќање, порамнување или клиринг, во согласност со овој или со друг закон и
7) врши други работи кои со овој закон не се утврдени во надлежност на Советот на Народната банка.

(2) Во рамките на неговите овластувања, гувернерот може да ги преземе сите потребни или соодветни активности при управување и работење на Народнатат банка, вклучувајќи набавка на стоки и услуги, договорни обврски во име на Народната банка и вработување, како и избор на агенти на Народната банка.
(3) Гувернерот може да формира едно или повеќе советодавни тела во врска со прашања од негова надлежност.
(4) Во рамките на правилата усвоени од страна на Советот на Народната банка, гувернерот може да пренесе некои од своите овластувања или задачи на други членови на Советот на Народната банка или на лицата со посебни овластувања и одговорности во Народната банка.
(5) Гувернерот редовно го известува Советот на Народната банка за работењето на Народната банка и спроведувањето на политиките, за прашањата поврзани со стабилноста на банкарскиот систем и за состојбата на пазарот на пари и девизните пазари, вклучувајќи ги сите настани и состојби што имале или се очекува да имаат значително влијание на работењето на Народната банка, на спроведувањето на нејзините политики, на финансискиот систем или на пазарот на пари и девизниот пазар.
(6) Гувернерот однапред го определува редоследот по кој вицегувернерите ќе го заменуваат во текот на периодот на негово отсуство или спреченост за извршување на обврските.

**Именување**

Член 49
(1) Членовите на Советот на Народната банка се именуваат со мандат од седум години со право на повторен избор.
(2) Гувернерот го именува Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Република Македонија.
(3) Вицегувернерите ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на гувернерот.
(4) Неизвршните членови на Советот на Народната банка ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

**Критериуми за избор за член на Советот на Народната банка**

Член 50
(1) Член на Советот на Народната банка може да биде лице, државјанин на Република Македонија, кое има соодветна репутација, најмалку високо образование и соодветно професионално или академско искуство на полето на економијата, финансиите, банкарството или правото.
(2) Член на Советот на Народната банка не може да биде лице:

1) осудено за кривично дело со казна затвор или парична казна;[2]

[2] Со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.208/11 од 9 мај 2012 година („Службен весник на Република Македонија бр.64/12) се укинува член 50 став 2 точка 1 од Законот за Народната банка на

2) должник во стечајна или ликвидациона постапка;

3) на кое му е изречена прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност и

4) на кое му е изречена споредна казна забрана за добивање дозвола за основање и работа на банка или друга финансиска институција, одземање на дозвола за основање и работа на банка или друга финансиска институција, забрана за основање на нови правни лица и привремена или трајна забрана за вршење дејност од областа на финансиите и банкарството.

(3) Гувернерот и вицегувернерите на Народната банка се професионално ангажирани во Народната банка, не смеат да имаат друг работен ангажман без оглед дали за тоа добиваат надоместок или на, освен ангажман како универзитетски професор или ангажман во научно-истражувачка институција, или времен ангажман во меѓународна финансиска институција, не смеат да бидат сопственици на 5 или повеќе проценти од капиталот во финансиска институција во Република Македонија и за време на мандатот не смеат да бидат членови на политичка партија или синдикат.

(4) Неизвршен член на Советот на Народната банка не може да биде лице кое е пратеник во Собранието на Република Македонија, член на Владата на Република Македонија, вработен во органи на државната или локалната власт, агенции, фондови, јавни претпријатија, јавни установи, трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик, вработен во финансиска институција во Република Македонија, сопственик на 5 повеќе проценти од капиталот во финансиска институција во Република Македонија, член на управен или надзорен орган на банка, штедилница или друго трговско друштво кое може да има судир на интерес со Народната банка, како и член на органи на политичка партија и органи на синдикат.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член неизвршен член на Советот на Народната банка може да биде универзитетски професор или вработен во научно-истражувачка институција.

(6) Членовите на Советот на Народната банка се должни веднаш по именувањето на функцијата да се усогласат со одредбите од ставот (4) на овој член.

Член 50-а[3]

---

Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10).

[3] Согласно членотот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14), вицегувернерите и неизвршните членови на Советот на Народната банка именувани до денот на започнувањето на примената на членот 50-а од Законот за Народната банка на Република Македонија продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Согласно членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14), одредбите од членот 50-а од Законот за Народната банка на Република Македонија ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14)-12.03.2015 година, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14)-12.03.2016 година.

Согласно член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14) влегува во сила на 12.03.2014 година, освен одредбите од член 58-а од Законот за Народната банка на Република Македонија кои ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на република Македонија" бр.27/14) - 13.02.2015 година.

(1) За именување на вицегувернер и неизвршен член на Советот на Народната банка се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Вицегувернерот и неизвршниот член на Советот на Народната банка, освен критериумите од членот 50 од овој закон, треба да ги исполнува и следниве услови:

1) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен или
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и

2) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

## Престанок на мандат

Член 51

Мандатот на член на Советот на Народната банка престанува:

1) со истекот на мандатот;

2) во случај на смрт;

3) во случај на оставка и

4) во случај на разрешување.

## Оставка

Член 52

(1) Гувернерот и вицегувернерите можат да поднесат оставка од функцијата со претходно писмено известување до Собранието на Република Македонија во рок не пократок од три месеци од денот на поднесувањето на известувањето.

(2) Неизвршните членови на Советот на Народната банка можат да поднесат оставка од функцијата со претходно известување до Собранието на Република Македонија во рок не пократок од еден месец од денот на поднесувањето на известувањето.

## Разрешување

Член 53

(1) Член на Советот на Народната банка се разрешува кога ќе:

1) престане да исполнува некои од критериумите за именување за член на Советот на Народната банка утврдени во членот 50 од овој закон или

2) изврши злоупотреба или сериозен пропуст во вршењето на службената должност или

3) не е во можност да ги извршува задачите поради телесна или ментална неспособност која трае повеќе од три месеци или

4) не ги извршува должностите во последователен период од најмалку три месеци, без да добие дозвола од Советот на Народната банка.

(2) Одлука за разрешување на член на Советот на Народната банка донесува Собранието на Република Македонија:

1) по препорака на Советот на Народната банка, или по препорака од претседателот на Република Македонија, а по консултирање на Советот на Народната банка, доколку одлуката се однесува на гувернерот или

2) по препорака на Советот на Народната банка, или по препорака на гувернерот, а по консултирање на Советот на Народната банка, доколку одлуката се однесува на вицегувернер или

3) по препорака на Советот на Народната банка, или по препорака на гувернерот, а по консултирање на Советот на Народната банка или по препорака на Владата на Република Македонија, а по консултирање на гувернерот, доколку одлуката се однесува на неизвршен член на Советот на Народната банка.

(3) Препораките од ставот (2) на овој член Советот на Народната банка ги донесува со мнозинство гласови од сите членови.

(4) Разрешениот член на Советот на Народната банка има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 15 календарски дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување.

**Функции по завршувањето на мандатот**

Член 54

(1) Членовите на Советот на Народната банка во период од една година од завршување на мандатот не смеат да бидат професионално ангажирани во банка или друга финансиска институција во Република Македонија.

(2) Членовите на Советот на Народната банка од ставот (1) на овој член имаат право на соодветен надоместок одреден од страна на Советот на Народната банка до нивно вработување, но најмногу за период од една година од завршувањето на мандатот.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се однесуваат на членовите на Советот на Народната банка кои биле разрешени согласно со членот 53 став (1) точки 1, 2 и 4 од овој закон.

**Пополнување на испразнето место во Советот на Народната банка**

Член 55

Испразнето место во Советот на Народната банка се пополнува најдоцна во рок од 60 календарски дена од испразнувањето со именување на нов член на Советот на Народната банка со мандат од седум години.

**2. Седници и записници на Советот на Народната банка**

**Седници на Советот на Народната банка**

Член 56

(1) Советот на Народната банка одржува седници по потреба, во зависност од активностите на Народната банка, но не помалку од десет пати во текот на една календарска година.

(2) На седниците на Советот на Народната банка, по покана може да присуствуваат и други лица кои не се членови на Советот на Народната банка.

(3) За работа и одлучување на Советот на Народната банка е потребен кворум од најмалку две третини од членовите на Советот на Народната банка, вклучувајќи го и гувернерот или, во негово отсуство, вицегувернерот кој претседава во согласност со одлуката од членот 48 став (6) на овој закон. Доколку кворумот не е исполнет, гувернерот може да свика вонредна седница на која може да се донесат одлуки без кворум, кои треба да бидат одобрени на следната редовна седница на Советот на Народната банка.

(4) Секој член на Советот на Народната банка има еден глас и во случај на ист број гласови претседавачот го има одлучувачкиот глас.

(5) Одлуките на Советот на Народната банка се донесуваат со просто мнозинство од членовите присутни на седницата, ако поинаку не е уредено со овој закон.

(6) Со Деловникот за работа на Советот на Народната банка се утврдува во кои случаи може да се дозволи седниците и гласањето на седниците да се реализираат со телеконференција или, во исклучителни околности, по пат на телекс или други тестирани електронски средства за телекомуникација.

(7) Документите или записниците на Советот на Народната банка не се сметаат за невалидни, кога не е исполнет кворумот од ставот (3) на овој член поради испразнето место во Советот на Народната банка.

**Записници**

Член 57

(1) Записниците од седниците на Советот на Народната банка се класифицирани информации со соодветен степен на доверливост согласно со прописите за заштита на класифицирани информации.

(2) Записниците од секоја седница на Советот на Народната банка ги потпишува лицето кое претседава со седницата и секретарот на Советот на Народната банка.

(3) Секретарот на Советот на Народната банка го назначува гувернерот од редот на лицата со посебни овластувања и одговорности во Народната банка.

## 4. Вработени во Народната банка

**Работни односи**

Член 58

(1) На гувернерот и на вицегувернерите се применуваат прописите од областа на работните односи, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Вработените во Народната банка се професионално ангажирани во Народната банка и можат да имаат друг работен ангажман само со согласност од гувернерот, доколку тоа не е спротивно на интересите на Народната банка.

(3) Народната банка при вработување применува недискриминаторска кадровска политика, по етничка, верска и која било друга основа.

(4) Лицето со посебни овластувања кое раководи со супервизијата во Народната банка, во период од една година од завршување на должноста не може да биде професионално ангажиран во банка или друга финансиска институција во Република Македонија.

Член 58-а[4]

(1) Вработените во Народната банка кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

(2) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(3) Вработените во Народната банка кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

(4) На помошно-технички персонал во Народната банка ќе се применуваат општите прописи за работни односи.

**Засновање и престанок на работен однос**

[4] Согласно член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14), одредбите од членот 58-а од Законот за Народната банка на Република Македонија ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14) - 13.02.2015 година.

Член 59

Гувернерот одлучува за засновање и престанок на работен однос во Народната банка и за други прашања од работен однос што не се во надлежност на Советот на Народната банка.

## IX. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА

### **Сметководствени практики и политики**

Член 60

(1) Народната банка ја води сметководствената евиденција согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување до степен кој нема да го загрози остварувањето на целите пропишани во членот 6 ставови (1) и (2) од овој закон.

(2) Финансиската година за Народната банка започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември истата година.

### **Финансиски извештаи**

Член 61

(1) Народната банка изготвува финансиски извештаи за финансиската година.

(2) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, финансиските извештаи одобрени од Советот на Народната банка потпишани од гувернерот и потврдени од друштвото за ревизија, Народната банка ги доставува до министерот за финансии, до Собранието на Република Македонија, до претседателот на Република Македонија и до претседателот на Владата на Република Македонија.

(3) Финансиските извештаи од ставот (2) на овој член Народната банка ги објавува во „Службен весник на Република Македонија" и на нејзината интернет страница.

(4) Народната банка во рок од десет работни дена по завршувањето на секој календарски месец, изготвува и објавува биланс на состојба со состојба на крајот на тој месец и истиот го доставува до министерот за финансии.

### **Други извештаи**

Член 62

(1) Народната банка, по потреба, но најмалку два пати годишно, го информира Собранието на Република Македонија и јавноста за монетарната политика, за остварувањето на нејзините цели и нејзините ставови за реалните варијабли во економијата.

(2) Народната банка во рок од четири месеци по завршување на фискалната година поднесува до Собранието на Република Македонија и до министерот за финансии и објавува еден или повеќе извештаи одобрени од Советот на Народната банка во врска со состојбите во економијата за време на финансиската година која завршила, како и за перспективите за економијата за следната година, со посебен осврт кон целите на политиките на Народната банка и состојбата на банкарскиот систем на Република Македонија. Извештајот содржи преглед и оцена на политиките на Народната банка кои биле спроведувани во последната финансиска година, како и објаснување на политиките што Народната банка треба да ги спроведе во следната финансиска година.

(3) Народната банка објавува квартални извештаи за монетарната политика на нејзината интернет страница и/или на друг начин утврден од страна на гувернерот на Народната банка.

(4) Народната банка објавува извештај за финансиската стабилност за претходната година на нејзината интернет страница и/или на друг начин утврден од страна на гувернерот на Народната банка.

### **Внатрешна ревизија**

Член 63

(1) Народната банка е должна да воспостави посебна организациона единица за внатрешна ревизија која е директно одговорна на гувернерот.

(2) Внатрешната ревизија врши постојана ревизија на сите активности на Народната банка преку процена на адекватноста на системите за внатрешна контрола и ефикасноста на системите за управување со ризиците. Овие активности вклучуваат:

1) преглед и препораки до Советот на Народната банка за процедурите и практиките за соодветно управување со ризик и континуиран надзор на нивната примена;

2) вршење периодична ревизија на примената на прописите при вршење на активностите на Народната банка;

3) преглед на периодичните финансиски извештаи од членот 61 ставови (2) и (4) на овој закон;

4) изготвување и доставување извештаи и препораки до Советот на Народната банка најмалку два пати во годината и на барање на гувернерот или друг член на Советот на Народната банка, во врска со финансиските извештаи и евиденција, буџетските и сметководствените процедури управувањето со ризици, ефикасноста и трошоците во работењето на Народната банка и за други прашања од надлежност на внатрешната ревизија;

5) изготвување и доставување до Советот на Народната банка извештај за активностите на внатрешната ревизија, најмалку еднаш годишно и

6) други активности на барање на Советот на Народната банка.

(3) Извештаите на внатрешната ревизија со доставуваат до гувернерот. Наодите и препораките содржани во извештаите на внатрешната ревизија се основа за преземање на соодветни мерки од страна на гувернерот за надминување на утврдените неправилности и слабости.

(4) Организационата единица за внатрешна ревизија соработува со друштвото за ревизија кое врши ревизија на Народната банка.

## Назначување на главен внатрешен ревизор

Член 64

(1) Главниот внатрешен ревизор на Народната банка го назначува Советот на Народната банка на предлог на гувернерот.

(2) Главниот внатрешен ревизор е лице кое ги исполнува критериумите за член на Советот на Народната банка од членот 50 на овој закон и има професионално искуство во областа на сметководството и/или ревизија од најмалку три години.

(3) Главниот внатрешен ревизор се назначува за период од пет години со право на повторен избор.

(4) Главниот внатрешен ревизор може да поднесе оставка и за тоа го известува гувернерот најмалку три месеци пред поднесувањето на оставката.

(5) Главниот внатрешен ревизор се разрешува во случаите од членот 53 став (1) на овој закон. Одлуката за разрешување ја донесува Советот на Народната банка.

## Ревизија

Член 65

(1) Независно друштво за ревизија со добра репутација и признато меѓународно искуство во ревизија на финансиските институции, намалку еднаш годишно врши ревизија на финансиските извештаи на Народната банка во согласност со меѓународните стандарди за ревизија.

(2) Трошоците за ревизијата од ставот (1) на овој член ги плаќа Народната банка.

(3) Друштвото за ревизија го избира Советот на Народната банка по претходно спроведена постапка согласно со Законот за јавните набавки.

(4) Собранието на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии, може во секое време, доколку постои разумна причина, да побара од друштвото за ревизија од ставот (1) на овој

член да изврши ревизија на Народната банка. Извештајот за извршената ревизија се доставува до Собранието на Република Македонија за информирање.

(5) Трошоците за ревизијата од ставот (4) на овој член се надоместуваат од Буџетот на Република Македонија.

(6) Друштвото за ревизија доставува извештај до Советот на Народната банка за клучни прашања кои произлегуваат од ревизијата, а особено за слабостите во внатрешната ревизија кои произлегуваат од финансиско известување.

(7) Друштвото за ревизија има целосно овластување да ја прегледа целокупната сметководствена евиденција на Народната банка и да ги добие сите информации за нејзините трансакции.

(8) Исто друштво за ревизија може да врши ревизија во Народната банка најдолго во период од пет последователни години.

**Финансиски план**

Член 66

(1) Советот на Народната банка пред почетокот на финансиската година донесува годишен финансиски план. Финансискиот план се доставува до Собранието на Република Македонија за информирање.

(2) Вкупните планирани приходи од кој било извор заедно со планираните расходи, вклучувајќи амортизација и резервации се прикажуваат во годишниот финансиски план на Народната банка. Во годишниот финансиски план на Народната банка не се внесуваат нереализираните приходи и расходи од ценовни и курсни промени во билансот на Народната банка.

**Државна ревизија**

Член 67

(1) Без да ја загрози независноста на Народната банка и независно од активностите на друштвото за ревизија од членот 65 став (1) на овој закон, Државниот завод за ревизија врши ревизија на Народната банка во делот на трошоците за инвестиции и оперативни трошоци и подготвува извештај што го доставува до Собранието на Република Македонија.

(2) Копии од извештаите што се доставени до Собранието на Република Македонија Државниот завод за ревизија доставува до Народната банка.

X. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Подзаконски и други акти**

Член 68

(1) Народната банка донесува подзаконски и други акти неопходни за извршување на целите и задачите што и се доверени со овој или друг закон.

(2) Актите на Народната банка кои имаат општа примена се донесуваат во форма на одлука.

(3) За примена на одлуките кои имаат општа примена, Народната банка може да донесува упатства.

(4) Народната банка може до банки и други субјекти да издава циркулари за општите правила и трендови поврзани со надлежностите и активностите на Народната банка и истите не се правно обврзувачки.

**Објавување на подзаконски акти**

Член 69

(1) Одлуките и упатствата од членот 68 на овој закон кои имаат општа примена задолжително се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Правните акти од ставот (1) на овој член Народната банка може да ги објави на нејзината интернет страница.

(3) Народната банка може да ги објави на нејзината интернет страница и правните акти кои немаат општа примена.

## Судир на интереси и фидуцијарна должност

Член 70

(1) Членовите на Советот на Народната банка и вработените се должни да избегнуваат ситуации кои можат да создадат судир на интереси. Судир на интереси постои кога членовите на Советот на Народната банка или вработените имаат приватни или лични интереси кои влијаат или можат да влијаат врз објективното извршување на нивните задачи. Под приватни или лични интереси на членовите на Советот на Народната банка или вработените се подразбира каква било корист што потенцијално може да ја имаат лично тие, нивните семејства и нивни роднини до второ колено.

(2) Членовите на Советот на Народната банка и вработените не смеат за нивните активности во Народната банка да примаат или да прифатат каква било корист, награди, надоместоци или подароци од кој било извор, без разлика дали се во финансиска или во нефинансиска форма.

(3) Прекршувањето на одредбите од ставот (2) на овој член од страна на вработените претставува сериозно кршење на правилата и воедно претставува основа гувернерот да одлучи за примена на дисциплински мерки, вклучувајќи отказ.

(4) Членовите на Советот на Народната банка и вработените не смеат да ги користат доверливите информации до кои имаат пристап заради извршување приватни финансиски трансакции, без оглед дали тоа го прават директно или индиректно преку трети лица, за своја сметка и на свој ризик или за сметка и на ризик на трето лице.

(5) Пред последниот ден од јануари секоја година, членовите на Советот на Народната банка целосно ќе ги обелоденат пред Советот на Народната банка значителните финансиски интереси кои тие или кое било лице со кое тие имаат семејни, деловни или финансиски врски може директно или индиректно да ги поседуваат и таквото обелоденување е во согласност со интерните правила усвоени од Советот на Народната банка.

(6) Член на Советот на Народната банка кој пред почетокот на расправата обелодени постоење судир на интереси не учествува во дискусијата и нема право на глас, меѓутоа неговото присуство се зема предвид при формирање на кворум.

(7) Членовите на Советот на Народната банка и вработените имаат обврска интересите на Народната банка и интересите на клиентите на Народната банка да ги ставаат пред нивниот личен и материјален интерес.

## Провизии и надоместоци

Член 71

(1) Народната банка може да наплаќа провизии и надоместоци за услугите кои ги дава.

(2) Советот на Народната банка ги пропишува видот и висината на провизиите и надоместоците од ставот (1) на овој член во зависност од сложеноста и обемот на активностите.

## Забранети активности

Член 72

(1) Освен ако поинаку не е утврдено со овој или друг закон, Народната банка не смее:

1) да дава кредит или монетарен или финансиски подарок;

2) да врши трговска дејност, да купува акции на трговски друштва, вклучувајќи и акции на финансиска институција, или пак на друг начин да има сопственички интерес во

финансиско, комерцијално, земјоделско, индустриско или кое било друго трговско друштво и

3) да стекнува права врз недвижен имот или недвижен имот преку купување, изнајмување или на друг начин, освен ако тоа е потребно или неопходно за обезбедување на простории за работење или услови за извршување на нејзините задачи.

(2) По исклучок на одредбите на ставот (1) од овој член, Народната банка може:

1) да одобрува кредити кои се обезбедени со соодветно обезбедување;

2) да има сопственичко учество или на друг начин да учествува во субјектот кој врши активности кои се насочени кон реализација на задачите и одговорностите на Народнта банка и

3) да стекнува интерес или права од ставот (1) точки 2 и 3 на овој член по основ на наплата на побарувања, при што интересите или правата стекнати на овој начин мора да ги отуѓи во најкраток можен рок.

## Ослободување од оданочување

Член 73

(1) Се ослободува од данок на додадена вредност прометот на:

1) златото и другите благородни метали кон и од Народната банка;

2) книжните и кованите пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија и

3) хартијата и бојата за печатење на банкноти и рондели припремени за ковање пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија, кон и од Народната банка.

(2) Се ослободува од данок на додадена вредност увозот на:

1) златото и другите благородни метали за Народната банка;

2) книжните и кованите пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија и

3) хартијата и бојата за печатење на банкноти и рондели припремени за ковање пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија.

(3) Народната банка е ослободена од плаќање на данок на добивка.

(4) Данок на имот не се плаќа на недвижен имот кој е во сопственост на Народната банка.

## Доверливост

Член 74

(1) Лице кое било или е член на Советот на Народната банка или вработено, освен кога е неопходно заради извршувањето на функција или должност пропишана со овој или друг закон, не смее да дозволи пристап, да обелодени или да публикува информации кои не се јавни, а кои ги добиле при извршување на задачите и должностите и истите нема да ги употреби или да дозволи да бидат употребени за лична корист.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, член на Советот на Народната банка или вработен може да обелодени информации кои не се јавни во согласност со процедурите воспоставени од страна на Народната банка, ако:

1) за тоа е добиена согласност од лицето на кое се однесува информацијата;

2) обелоденувањето е обврска која произлегува од закон, или ако за тоа постои судски налог;

3) се даваат на друштвото за ревизија на Народната банка;

4) се даваат на регулаторни или супервизорски органи при вршењето на нивните должности за кои се овластени или

5) обелоденувањето во постапка пред надлежен орган е во интерес на Народната банка.

(3) Советот на Народната банка го утврдува степенот на тајност на информациите кои имаат карактер на класифицирани информации и го утврдува пристапот до документите кои Народната банка ги изработува и чува согласно прописите за пристап и заштита на класифицирани информации.

## Намирување на побарувања

Член 75

(1) Народната банка има првенствено и безусловно право да ги намири побарувањата што произлегуваат од извршување на нејзините задачи од кои било парични средства, хартии од вредност и други средства што во време на пристигнувањето на побарувањето ги држи за сметка на соодветниот должник по кој било основ.

(2) Не е допуштена судска постапка и не е дозволено конкурентно побарување, кои би го одложиле остварувањето на правата на Народната банка од ставот (1) на овој член.

## Имунитет од запленување на средства

Член 76

Против Народната банка или нејзиниот имот не може да се изрече мерка за запленување на средства, вклучувајќи злато, специјални права на влечење, книжни и ковани пари, кредити, депозити или хартии од вредност и какви било приходи од тоа, пред донесувањето на конечна пресуда од надлежен суд.

## Одговорност за штета

Член 77

(1) Народната банка не одговара за штетите спрема трети лица што може да настанат поради мерките и активностите за зачувување на стабилноста и сигурноста на одделна финансиска институција или банкарскиот систем, освен кога се пречекорени нејзините овластувања пропишани со овој закон.

(2) За штетите од ставот (1) на овој член не одговараат лицата кои се или биле супервизори, освен во случај кога тие со правосилна пресуда се осудени за кривично дело во врска со работењето.

(3) Вработените, гувернерот, вицегувернерите и неизвршите членови на Советот на Народната банка, за време и по престанокот на работниот однос, односно ангажманот во Народната банка, не одговараат за штетите спрема трети лица што ги предизвикале со извршување на работните задачи доколку истите ги извршувале во рамките на овластувањата утврдени со закон.

## Надоместок на трошоци

Член 78

Народната банка ги надоместува трошоците од судски постапки против вработените, гувернерот, вицегувернерите и неизвршните членови на Советот на Народната банка во врска со нивниот работен однос, односно ангажман во Народната банка, освен во случај ако бидат правосилно осудени за кривично дело во врска со работењето.

# XI. ОДНОСИ МЕЃУ НАРОДНАТА БАНКА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Член 79

Народната банка соработува и разменува информации со Европската централна банка и други институции и тела на Европската унија.

# XII. ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## Општи одредби

Член 80

(1) Народната банка е составен дел на Европскиот систем на централни банки (во натамошниот текст: ЕСЦБ).

(2) Народната банка ги извршува целите и задачите на ЕСЦБ во согласност со одредбите од Договорот за основање на Европската заедница, Статутот на ЕСЦБ и на Европската централна банка (во натамошниот текст: ЕЦБ), директно применливите прописи од Европската унија и одредбите од овој закон.

## Независност на Народната банка

Член 81

Без да е во спротивност со членот 5 од овој закон, Народната банка и членовите на Советот на Народната банка не бараат ниту примаат инструкции од институции и органи на Европската унија, од која било влада на земја членка  или од кој било друг орган.

Институциите и органите на Европската унија и владите на земјите членки не можат да влијаат на независноста на Народната банка, на донесувањето и имплементацијата на одлуките на Народната банка и на нејзините органи, ниту пак можат да одобруваат, отповикуваат, одложуваат, поништуваат или на каков било начин да влијаат на одлуките на Народната банка и на нејзините органи.

## Цели на Народната банка како дел од ЕСЦБ

Член 82

Народната банка ги поддржува општите економски политики на Европската унија со цел за исполнување на целите од членот 2 на Договорот за основање на Европската заедница, без да е во спротивност со целите од членот 6 на овој закон. Народната банка работи во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција и согласно со принципите од членот 4 на Договорот за основање на Европската заедница.

## Запишување на капитал

Член 83

Народната банка запишува и уплатува капитал во ЕЦБ во согласност со членовите 28 и 29 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

## Надлежности и овластувања за имплементација на политиката на девизен курс

Член 84

(1) При донесување на мерки поврзани со девизниот курс на домашната валута, Народната банка ги зема предвид заедничките интереси на земјите членки на Европската унија.

(2) Советот на Европската унија во однос на политиката на девизен курс ги има сите овластувања од членот 111 на Договорот за основање на Европската заедница.

## Советодавна улога на ЕЦБ

Член 85

(1) Предлог-законите и прописите кои се однесуваат на области во надлежност на ЕЦБ се доставуваат на мислење до ЕЦБ.

(2) Владата на Република Македонија ги доставува предлог-законите и прописите од ставот (1) на овој член до Народната банка за информирање.

(3) За областите надвор од надлежноста на ЕЦБ, Владата на Република Македонија се консултира со Народната банка при подготовка на прописи кои се однесуваат на прашања поврзани со целите, задачите и надлежностите на Народната банка.

**Заштита на банкноти и ковани пари од фалсификување**

Член 86

Со цел за ефикасно извршување на активностите поврзани со заштита на банкноти и монети од фалсификување, Народната банка пропишува мерки во согласност со прописите на Европската унија.

**Забрана за кредитирање**

Член 87

(1) Без да е во спротивност со членот 44 од овој закон Народната банка, во согласност со членот 101 од Договорот за основање на Европската заедница, не може да одобрува кредитни линии на институции и тела од Европската унија, централните, регионалните и локалните власти, други органи со јавни овластувања и јавни претпријатија кои се контролирани од земјите членки.

(2) Народната банка не може директно да се стекнува со должнички хартии од вредност издадени од лица и органи наведени во ставот (1) на овој член.

(3) По исклучок, забраната од ставот (1) на овој член не се однесува на банки во државна сопственост кога тие добиваат ист третман како приватните кредитни институции.

(4) По исклучок, забраната од ставот (1) на овој член не се однесува на еднодневни заеми одобрени на владите на земји членки. Заемите мора да бидат вратени до крајот на денот и исплатата не може да биде одложена за следниот ден.

**Право на жалба при разрешување од функција**

Член 88

Против одлуката за разрешување од функција, гувернерот на Народната банка има право на жалба пред Европскиот суд на правда. Сите други членови на Советот на Народната банка против одлуката на Собранието на Република Македонија за разрешување од функција имаат право да поведат управен спор пред надлежен суд во Република Македонија.

**Членство во тела на ЕЦБ**

Член 89

Гувернерот на Народната банка е член на Генералниот совет на ЕЦБ.

**Доверливост на податоци**

Член 90

(1) Доставувањето на податоци до ЕЦБ како обврска пропишана во Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ не се смета за објавување на доверливи податоци.

(2) Доверливи податоци од Народната банка не се објавуваат на трети страни ни во случај кога се исполнети условите од членот 74 на овој закон, доколку таквото објавување е во спротивност со обврските и задачите на Народната банка утврдени со одредбите од Договорот за основање на Европската заедница и Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

**Прибирање на статистички податоци**

Член 91

Со цел за извршување на задачите и постигнување на целите на ЕЦБ, Народната банка учествува во прибирањето, обработката и дистрибуцијата на статистички податоци во согласност со членот 5 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ и овој закон.

**Забрана за привилигиран пристап**

Член 92

Во согласност со членот 102 од Договорот за основање на Европската заедница, забраната за привилигиран пристап до финансиски институции од членот 45 на овој закон се однесува и на институции и тела од Европската унија, централни, регионали, локални власти, други органи со јавни овластувања или јавни претпријатија на земји членки од Европската унија.

XIII. ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕВРОТО КАКО ПАРИЧНА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Задачи на Народната банка како дел на ЕСЦБ**

Член 93

Во согласност со Договорот за основање на Европската заедница и Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ, Народната банка ги врши следниве задачи:

1) учествува во спроведувањето на монетарната политика на Европската унија;

2) ги извршува девизните операции во согласност со членот 111 од Договорот за основање на Европската заедница;

3) го чува и управува со делот од девизните резерви на Република Македонија кој не е пренесен на ЕЦБ и

4) осигурува непречено функционирање на системите на плаќање.

**Задачи на Народната банка**

Член 94

Не доведувајќи ги во прашање задачите од членот 93 на овој закон и својата независност, Народната банка ги врши и следниве задачи:

1) регулира, издава дозволи и врши супервизија на кредитни институции и други финансиски институции на начин утврден со овој или друг закон;

2) врши надзор над примената на прописите со кои се уредува девизното работење, менувачкото работење, вршењето услуги на брз трансфер на пари, системите за спречување на перење на пари и заштита на потрошувачите, во согласност со овој или друг закон;

3) отвора сметки и прима средства на кредитни институции, врши платен промет по тие сметки и одобрува кредити на кредитни институции;

4) собира и обработува статистички податоци;

5) воспоставува, развива, регистрира и врши надзор над сигурноста, стабилноста и ефикасноста на системите за плаќање, порамнување и клиринг;

6) врши работи на фискален агент за Република Македонија и врши и други со закон определени работи за Република Македонија;

7) донесува подзаконски прописи за работи од своја надлежност и

8) врши други работи утврдени со други прописи, доколку не се во спротивност со задачите утврдени во членот 3 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

**Учество во меѓународните монетарни институции**

Член 95

Народната банка може да учествува во работата на меѓународните монетарни институции само со согласност на ЕЦБ.

## Учество во спроведување на монетарната политика

Член 96

(1) Народната банка како составен дел на ЕСЦБ учествува во спроведувањето на монетарната политика и спроведува монетарна контрола.

(2) Во спроведувањето на монетарната политика Народната банка е должна да постапува во согласност со правните акти на ЕЦБ и прописите на другите надлежни тела на Европската унија.

(3) Заради обезбедување на непречена примена на правните акти правните акти од ставот (1) на овој член, Народната банка со претходно мислење на ЕЦБ може да донесе акти за спроведување.

(4) Актите од ставот (2) на овој член мора потполно да бидат во согласност со правните акти на ЕЦБ.

## Мерки за спречување на прекумерната ликвидност на пазарот

Член 97

Со цел за спречување на неконтролираното зголемување на ликвидноста на пазарот кое би можело да настане на денот на усвојување на еврото како парична единица во Република Македонија, а заради обврските на банките и штедилниците да го прилагодат износот на задолжителни резерви пропишан од Народната банка со износот на задолжителни резерви пропишан од ЕЦБ, Народната банка може во подзаконски акти да пропише мерки.

## Операции на отворен пазар и кредитни работи

Член 98

За остварување на целите и извршување на задачите на ЕСЦБ, а во согласност со членот 18 од Статутот на ЕЦБ, Народната банка може:

1) да учествува на финансиските пазари преку купување и продавање на дефинитивна основа (промптно и термински) или со репо договори или со давање и земање во заем на побарувања, пазарни инструменти (кои гласат на валутата на заедницата или некоја друга валута) и благородни метали и

2) да врши кредитни работи со банки и други учесници на пазарот, преку давање на кредити врз основа на соодветно обезбедување.

## Минимална задолжителна резерва

Член 99

(1) ЕЦБ може да побара од кредитните институции да држат минимална задолжителна резерва на сметка кај ЕЦБ и Народната банка заради остварување на целите на монетарната политика и во согласност со членот 19 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

(2) Советот на Европската унија ги пропишува условите, основата и процентот за пресметување на задолжителна резерва, како и начинот и роковите за издвојување и одржување на задолжителната резерва.

(3) Ако кредитната институција не се придржува кон барањето на ЕЦБ од ставот (1) на овој член, ЕЦБ може да и одреди на банката казнена камата и/или да и изрече друга санкција со сличен ефект.

## Други инструменти на монетарна контрола

Член 100

Народната банка применува и други инструменти на монетарна контрола утврдени од Управниот совет на ЕЦБ во согласност со членот 20 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

## Девизни работи

Член 101

(1) Во согласност со одредбите од Договорот за основање на Европската заедница и членот 23 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ, Народната банка може:

1) да воспостави односи со централните банки и финансиските институции со трети земји и, доколку е соодветно, со меѓународни организации;

2) да купува и продава (промптно и термински) и на друг начин да ги стекнува сите видови на имот во странска валута и благородни метали;

3) да го држи и да управува со имотот од точката 2 на овој став и

4) да ги врши сите други облици на банкарски трансакции во односите со трети земји и меѓународни организации, вклучувајќи и работи на давање и земање на заем.

(2) Имотот во странска валута од ставот (1) точка 2 на овој член ги вклучува и хартиите од вредност и сиот друг имот во која било странска валута или пресметковна единица независно од обликот во кој се држи.

## Девизни резерви

Член 102

Имотот од членот 101 став (1) точка 2 на овој закон ги сочинува девизните резерви на Република Македонија.

## Пренос на делот од девизните резерви на ЕЦБ

Член 103

(1) Народната банка е должна да пренесе дел од девизните резерви од членот 102 на овој закон на ЕЦБ во согласност со членот 30 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

(2) Народната банка може, доколку тоа и го довери ЕЦБ, во име и за сметка на ЕЦБ да управува со пренесениот дел од девизните резерви од ставот (1) на овој член, во согласност со насоките на ЕЦБ.

## Непреносливи девизни резерви на Република Македонија

Член 104

(1) Делот од девизните резерви од членот 102 на овој закон кој не е пренесен на ЕЦБ во согласност со членот 103 од овој закон ги сочинува девизните резерви на Република Македонија кои ги чува и со нив управува Народната банка.

(2) Девизните резерви на Република Македонија од ставот (1) на овој член се дел од билансот на Народната банка.

(3) Народната банка управува со девизните резерви од ставот (1) на овој член во согласност со сопствените политики, почитувајќи ги принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност при вложување.

(4) За трансакции со непреносливите девизни резерви и трансакции со средствата од тековните девизни сметки на Република Македонија кои го надминуваат износот утврден со насоките на Управниот совет во согласност со членот 31 од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ, потребна е согласност од ЕЦБ.

(5) По исклучок на ставот (4) од овој член, согласност од ЕЦБ не е потребна во случај на извршување на трансакција која произлегува од исполнување на обврски кон меѓународни организации од членот 101 на овој закон.

**Издавање на книжни и ковани пари**

Член 105

(1) Народната банка може да издава книжни пари кои гласат на евра во рамките на лимитите поставени од ЕЦБ, а во согласност со одредбите од Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ и одредбите од Договорот за основање на Европската заедница.

(2) Народната банка може да издава ковани пари кои гласат на евра со дозвола на ЕЦБ за количината на издавање. Народната банка ќе ги применува правилата за деноминација и техничка спецификација на кованите пари во согласност со релевантните прописи на Европската унија.

**Пропишување на изгледот на кованите пари**

Член 106

Народната банка учествува во утврдување на изгледот на кованите пари што ги издава, при што ги применува релевантните прописи на Европската унија.

**Системи за порамнување на платните трансакции**

Член 107

(1) Народната банка обезбедува услови за непречено и ефикасно функционирање на системот за порамнување на платните трансакции во рамките на Европската унија и надвор од неа, применувајќи ги притоа прописите на ЕЦБ и прописите на други надлежни тела на Европската унија.

(2) Заради обезбедување на непречена примена на прописите од ставот (1) на овој член Народната банка може, со согласност на ЕЦБ, да донесе акти за спроведување.

(3) Актите од ставот (2) на овој член мора во целост да бидат усогласени со прописите на ЕЦБ и прописите на други надлежни тела на Европската унија.

**Задачи и овластувања на Советот на Народната банка**

Член 108

Советот на Народната банка е надлежен за:

1) донесување на финансискиот план на Народната банка;

2) донесување на извештаите од членот 61 на овој закон;

3) издавање и одземање на дозвола за работа на платните системи и донесување на подзаконските прописи со кои се пропишува начинот на нивната работа, доколку е овластен за нивно донесување со овој закон и со Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ;

4) донесување на подзаконските прописи со кои се уредува издавањето на ковани пари, доколку за нивното донесување е овластена со овој закон и Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ, како и со релевантни прописи на Европската унија;

5) одредување на стратегија и политика за управување со непренесениот дел од девизните резерви;

6) одлучување за членство на Народната банка во меѓународни институции и организации и

7) одлучување за членство на Народната банка во меѓународните монетарни институции за кои е потребна согласност на ЕЦБ.

**Членство во телата на ЕЦБ**

Член 109

Гувернерот на Народната банка е член на Управниот совет на ЕЦБ.

**Капитал на Народната банка**

Член 110

На денот на воведувањето на еврото како парична единица во Република Македонија капиталот на Народната банка во износ од 1.289.789.232 денари се претвора во евра според утврдената стапка на конверзија (денар/евро).

**Финансиски извештаи на Народната банка**

Член 111

(1) Народната банка составува финансиски извештаи во согласност со сметководствените правила и упатства на ЕЦБ.

(2) Во годишиот финансиски извештај на Народната банка се прикажува и делот на монетарни приходи на ЕСЦБ и на ЕЦБ кој е определен од ЕЦБ согласно со Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ, а настанува со спроведување на заедничка монетарна политика.

**Избор на ревизор**

Член 112

Одлуката за избор на независен надворешен ревизор на финансиските извештаи на Народната банка се донесува во согласност со Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ.

**Подзаконски прописи**

Член 113

За применување на насоките на ЕЦБ кои се однесуваат на областите во надлежност на ЕЦБ Народната банка, со согласност на ЕЦБ, донесува подзаконски прописи.

**Санкции на ЕЦБ**

Член 114

(1) Народната банка го применува системот на санкции на ЕЦБ во областите кои ЕЦБ ги уредува со свои прописи, во согласност со Договорот за основање на Европската заедница.

(2) Народната банка учествува во постапката за изрекување на санкции од страна на ЕЦБ, во согласност со прописите на ЕЦБ и други прописи на телата на Европската унија.

XIV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Прекршочен орган**

Член 115

(1) За прекршоците од членовите 117, 118, 119 и 120 на овој закон Народната банка покренува прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции.

(2) За прекршоците предвидени во членовите 121, 122 и 123 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(3) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член ја спроведува Комисијата за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Комисијата за прекршоци) која е составена од лица вработени во Народната банка и назначени од гувернерот.

(4) Гувернерот го определува бројот, квалификациите и работното искуство на членовите на Комисијата за прекршоци.

(5) Членовите на Комисијата за прекршоци се назначуваат за период од пет години со право на повторно назначување.

(6) Само дипломиран правник, со положен правосуден испит, може да биде назначен за претседател на Комисијата за прекршоци.

(7) Комисијата за прекршоци усвојува деловник за својата работа по претходно одобрение од гувернерот.

Член 116

**Работа на Комисијата за прекршоци**

(1) Член на Комисијата за прекршоци може да биде отповикан во следниве случаи:

1) по истек на времето за кое е назначен за член;

2) на негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) доколку се утврди дека е трајно неспособен за работа;

5) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело;[5]

6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна судска одлука;

7) доколку не ги исполни обврските кои произлегуваат од работењето во Комисијата за прекршоци или

8) доколку не извести за судир на интереси за случајот за кој Комисијата за прекршоци донесува одлука.

(2) Предлог за разрешување на член на Комисијата за прекршоци во случаите од ставот (1) точки од 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Комисијата за прекршоци до гувернерот на Народната банка.

(3) Членовите на Комисијата за прекршоци се независни во своето работење и донесуваат одлука врз основа на прописите, нивно експертско знаење и нивното лично уверување.

(4) Одлуката на Комисијата за прекршоци се смета за усвоена кога ќе биде изгласана од мнозинството на нејзините членови.

Член 117

(1) Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на банка, филијала на странска банка и штедилница, доколку не е во согласност со обврската за задолжителна резерва или ако не е во согласност со условите, основата и процентот за пресметување на задолжителна резерва, како и начинот и роковите за издвојување и одржување на задолжителната резерва (член 20).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за банка, филијала на странска банка и штедилница ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во банката, филијалата на странска банка и штедилница.

Член 118

(1) Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице односно трговец поединец кое без претходна писмена дозвола од Народната банка ќе изврши

[5] Со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.208/11 од 9 мај 2012 година („Службен весник на Република Македонија бр.64/12) се укинува член 116 став 1 точка 5 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10).

репродукција на книжни ковани пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија или ќе креира предмети кои по својот дизајн емитираат такви книжни и ковани пари (член 30).

(2) Глоба во износ 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговец поединец ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице и на одговорното лице во трговец поединец.

Член 119

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на физичко лице кое без претходна писмена дозвола од Народната банка ќе изврши репродукција на книжни и ковани пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија или ќе креира предмети кои по својот дизајн имитираат такви книжни и ковани пари (член 30).

Член 120

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за сторен прекршок на банка, филијала на странска банка, штедилница и друго правно лице односно трговец поединец кое е должно да доставува статистички податоци и информации доколку:

1) не ги достави или ненавремено ги достави до Народната банка статистичките податоци и информации согласно со членот 36 од овој закон и

2) не доставува или ненавремено доставува податоци и информации до Народната банка за водење на Кредитниот регистар (член 39).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба банка, филијала на странска банка, штедилница и друго правно лице, односно за трговец поединец ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во банка, филијала на странска банка, штедилница и друго правно лице, односно на одговорното лице во трговец поединец.

Член 121

Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на физичко лице кое нема да ги достави или ненавремено ги достави до Народната банка статистичките податоци и информации согласно со членот 36 од овој закон.

Член 122

Глоба во износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на гувернерот, вицегувернерите и неизвршните членови на Советот на Народната банка, доколку:

1) за време на мандатот вршат други професии (член 50 став (3));

2) не дадат писмена изјава за одредено прашање во случај нивната објективност да е загрозена поради судир на интереси во поглед на тоа прашање и не се изземат од донесувањето на одлуката (член 70) и

3) обелоденат класифицирана информација со соодветен степен на тајност, без оглед на начинот на кој ја дознале при извршувањето на нивната функција (член 74).

Член 123

Глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во Народната банка доколку обелодени класифицирана информација со соодветен степен на тајност, без оглед на начинот на кој ја дознал при извршувањето на неговите должности (член 74).

Член 123 – а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 124

(1) Прекршочната постапка предвидена со овој закон не може да се поведе ниту да се води по истекот на три години од денот на сторувањето на прекршокот.

(2) Рокот за застарувањето се прекинува со секое процесно дејство преземено од надлежен орган заради гонење на сторителот на прекршокот.

(3) Со секое прекинување на рокот од ставот (2) на овој член застареноста почнува одново да тече, но прекршочната постапка не може да се поведе ниту понатаму да се води по истекот на шест години од денот кога прекршокот е сторен.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 125

(1) Гувернерот и вицегувернерите на Советот на Народната банка избрани од Собранието на Република Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат на должност се до истекот на нивниот мандат.

(2) Надворешните членови на Советот на Народната банка избрани од Собранието на Република Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон стануваат неизвршни членови на Советот на Народната банка и остануваат на должност се до истекот на нивниот мандат.

(3) Гувернерот, вицегувернерите и неизвршните членови на Советот на Народната банка се должни во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да се усогласат со одредбите од членот 50 од овој закон.

(4) Вицегувернерот избран од Собранието на Република Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон кој не е член на Советот на Народната банка, станува член на Советот на Народната банка на денот на истекување на мандатот на кој било неизвршен член на Советот на Народната банка.

### Член 126

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До влегувањето во сила на прописот од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

### Член 127

(1) Одредбите од Главата XII. Членство на Република Македонија во Европската унија со членовите 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93 и 94 на овој закон ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

(2) Одредбите од Главата XIII. Воведување на еврото како парична единица на Република Македонија со членовите 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105,106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114 и 115 на овој закон ќе се применуваат од денот на воведувањето на еврото како парична единица на Република Македонија.

### Член 128

(1) На денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, престануваат да важат одредбите од членовите 6 став (2), 44 и одредбата на членот 79 на овој закон.

(2) Со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, за прекршоците од членот 120 на овој закон прекршочна постапка ќе води надлежен суд.

### Член 129

На денот на воведувањето на еврото како парична единица во Република Македонија престануваат да важат одредбите од членовите 7, 12 став (1), 14 став (1), 19, 20, 21, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 40 став (1), 47 точки 1, 2, 15, 16, 18 и 20, 48 став (1) точки 2, 4 и 6, 60 став

(1), 65, 73 став (1) точки 2 и 3 и став (2) точки 2 и 3, 84, 115 ставови (1), (3), (4), (5), (6) и **(7),** 116, 117,118 и 119 на овој закон.

Член 130

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2002,51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006).

Член 131

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".